# * СЛУЖБЕН ГЛАСНИК *
# на општина Дебрца



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН **ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА** ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | **БЕЛЧИШТА 27.12.2023 година.** **Број 14. Год. 2023** | **ЕДБ:4020004141925 КОНТАКТ: E-mail :belcista@t-home.mk, contact@debrca.gov.mk Телефон :046/286-855** |



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2024 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2024 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2023 година.

**Број 09-1528/1**
**26.12.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/2002),а во врска со член 14 став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ",број 84/08, 52/09, 114/2009, 124/2010, 53/2011, 44/2012, 168/2012, 163/2013, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) и член 21 став 1 алинеја 12 од Статутот на општината Дебрца ("Службен гласник на општина Дебрца",број 3/2005),Советот на општината Дебрца,на седницата одржана на ден .12.2023 година,донесе:

**Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А**
**За изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2024 година**

**I.**

Со оваа Програма се утврдуваат средствата за изградба,реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2024 година,нивниот распоред, користењето по намени и изворите на средства за нејзината реализација.

**II.**

Општински пат е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината.

Улица е сообраќајница во населено место наменета за сообраќај на возила која може да биде сочинета од коловоз,тротоари,велосипедски патеки и разделни острова.

Работите на изградбата,реконструкцијата,одржувањето и заштитата на општинските патишта и улици ги врши општината.

**III.**

Финансиските средства за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици се обезбедуваат од изворите на средства што за таа намена се определени во член 55 од Законот за јавните патишта,чиј износ се утврдува со Годишната програма за изградба,реконструкција,одржување и заштита на државните патишта што ја донесува Владата на Република С.Македонија,а чија распределба се врши со Одлука за распределба на средствата за финансирање на годишните програми за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици на општините и градот Скопје,што ја донесува Јавното претпријатие за државни патишта,согласно пропишаните критериуми со член 60 од Законот за јавните патишта и Правилникот за начинот на распределба на средствата на општините односно градот Скопје од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилата ("Службен весник на РМ",број 129/2008 ), Буџетот на општината и други извори на средства .

**IV.**

Средствата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици во општината Дебрца за 2024 година ,се утврдуваат во износ од **21.000.000** денари и истите се планира да се остварат од следните извори:

| | |
|---|---|
| • Јавно претпријатие за државни патишта<br>распределба на средствата за финансирање на годишните програми за | **3.167.954 денари**. |

| | |
|---|---|
| изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици на општините и градот Скопје за 2024 година | |
| • Буџет на општината Дебрца за 2024 година | **17.832.046** |

**V.**

Средствата за општинските патишта и улици,во висина на приходите од **21.000.000** денари ,ќе се користат за следните намени:

| **Планирана проектна активност** | **Планирани финансиски средства /денари** |
|---|---|
| • Изградба ( тампонирање и асфалтирање ) на улици во населените места во општината | **13.200.000** |
| • Тековно одржување на општинските патишта и улици со асфалтни коловози-крпење на ударни дупки и други помали поправки на коловозите и патните објекти; | **1.000.000** |
| • Тампонирање на општински патишта и улици | **2.000.000** |
| • Поставување на сообраќајна сигнализација на општинските патишта и улици | **300.000** |
| • Изградба и санација на мостови, пропусти, бетонски одводни канали и други објекти на општински патишта и улици и полски патишта | **3.000.000** |
| • Зимско оддржување на општинските патишта и улици ( чистење на снег ) | **1.500.000** |

**VI.**

Проекти од локална патна инфраструктура кои се планира да се реализираат од други извори на средства, по поднесени апликации :

- Реконструкција на улици во село  Волино- средствата се обезбедени преку Министерството за транспорт и врски, Проект за поврзување на локални патишта

**VII.**

Во текот на извршувањето на оваа Програма предност при изведувањето на работите ќе има одржувањето на општинските патишта по кои се одвива редовен патен сообраќај.

**VIII.**

Динамиката на извршувањето на работите ќе се одвива во зависност од приливот на средства предвидени со оваа Програма.

**IX.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дебрца", а ќе се применува од 01 Јануари – 31 Декември 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1479/3** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**25.12.2023 година** **Никола Котоскоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Годишната Програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2024

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната Програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2024**,** што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2023 година.

**Број 09-1528/2**
**26.12.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002 ) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден .12.2023 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2024 година

**I.**

Со оваа Програма поконкретно се утврдуваат обемот на работите и средствата за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општината Дебрца за 2024 година, нивната распределба и начинот на користење.

**II.**

Средствата за развој на локалната инфраструктура во општината Дебрца ќе се користат за изградба, реконструкција и одржување на објектите на комуналната инфраструктура во населените места во општината и други намени и тоа :

| | |
|---|---|
| **ВОДОСНАБДУВАЊЕ**<br><br>▪ Зафаќање на вода од извор “Кременатец”, село Белчишта;<br>▪ Набавка на нови пумпи за пумпна станица во село Мешеишта и ставање во функција на новиот резервоар,<br>▪ Санација на каптажи село Ботун и село Годивје;<br>▪ Изградба на каптажа кај црква Св.Никола, село Горенци<br>▪ Изградба на крак за водоснабдување до местноста “Св.Варвара” и Светиот крст, село Требеништа,<br>▪ Изработка на Студија за подобрување на водоснабдувањето во општина Дебрца-со геоскенирање на подземните води,<br>▪ Изградба на фотонапонски централи за пумпни станици во село Мешеишта и село Требеништа,<br>▪ Приклучување на домаќинствата во село Требеништа на новоизградениот водоснабдителен систем ;<br>▪ Приклучување на доводниот цевковод за водоснабдување на село Волино на резервоарот во село Требеништа. | 1.000.000<br><br>1.500.000<br>800.000<br>300.000<br><br>500.000<br><br>1.200.000<br><br>3.000.000<br><br>2.000.000<br><br>500.000 |
| **ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ / ФЕКАЛНИ** | |

| | |
|---|---|
| **КАНАЛИЗАЦИИ**<br><br>• Изградба на канализационен систем во село Лешани со пречистителна станица во село Грко Поле/ втора фаза,<br>• Изградба на канализационен систем во село Велмеј;<br>• Изградба на канализационен систем во село Требеништа/ прва фаза;<br>• Доизградба на канализационен систем во село Мешеишта; | 20.000.000<br>18.000.000<br><br>32.796.284<br><br>2.000.000 |
| **ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ**<br><br>• Реконструкција на административна зграда с.Белчишта,<br>• Реконструкција на кровна конструкција на Дом во село Годивје,<br>• Реконструкција на стара училишна зграда с.Песочани /втора фаза,<br>• Уредување на центарот и изградба на спортско игралиште во село Злести,<br>• Уредување на просторот кај чешмата во село Оровник,<br>• Уредување на речното корито во центарот на село Белчишта,<br>• Изградба на одводни канали во село Злести и село Песочани,<br>• Реконструкција на објект на Месна заедница село Климештани,<br>• Реконструкција на објект-поранешна продавница во село Ботун,<br>▪ Уредување со бекатон на пристапниот пат и просторот околу црквата “Св.Вартоломеј”, село Годивје,<br>• Реконструкција на Дом село Волино,<br>• Реконструкција на Дом село Оровник,<br>• Изградба на детски игралишта; | 6.000.000<br><br>1.000.000<br><br>600.000<br><br>4.500.000<br>1.000.000<br><br>1.500.000<br><br>2.000.000<br><br>1.200.000<br><br>2.500.000<br><br>1.200.000<br>3.000.000<br>3.000.000<br>3.000.000 |
| **РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ**<br><br>• Набавка на садови за собирање на комунален отпад;<br>• Набавка на противпожарно возило/половно<br>• Чистење на одводни канали и поставување на пропусти; | 600.000<br>1.200.000<br>1.000.000 |

**III.**

Финансирањето на приоритетите утврдени со оваа Програма ќе се врши од Буџетот на општината Дебрца за 2024 година.

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка 14- Реконструкција на административна зграда с.Белчишта се обезбедени од Програмата за рамномерен регионален развој 2023-2024.

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка 17- Уредување на центарот и изградба на спортско игралиште во село Злести , во износ од 2.500.000 денари се обезбедени од Биро за регионален развој, Програмата за развој на подрачја со специфични развојни потреби 2023-2024.

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка точка 12-Изградба на канализационен систем во село Требеништа/ прва фаза се обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање, Проект: Подобрување на водоснабдувањето и канализациони мрежи во општините во Република С.Македонија .

Средствата за проектната активност од Дел II, став 1 точка 10-Изградба на канализационен систем во село Лешани со пречистителна станица во село Грко Поле/ втора фаза и точка 11- Изградба на канализационен систем во село Велмеј, се планира да се обезбедат од Министерството за животна средина и просторно планирање, до кое од страна на општината се поднесени апликации.

**IV.**

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе се одвива во зависност од приливот на средства.

**V.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општината Дебрца, а ќе се применува од 01 Јануари – 31 Декември 2024година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-1479/4** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**25.12.2023 година** **Никола Короскоски с.р.**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Буџетот на ЕЛС Дебрца за 2024 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Буџетот на ЕЛС Дебрца за 2024 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2023 година.

**Број 09-1528/3**
**26.12.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Дебрца за 2024 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за извршување на Буџетот на општина Дебрца за 2024 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2023 година.

**Број 09-1528/4**
**26.12.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20,215/21 и 99/22), одредбите на Општ колективен договор за јавниот(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/2023) и член 45 од Статутот на Општина Дебрца („Службен гласник на Општина Дебрца” бр 3 од 2005 година),

Советот на Општина Дебрца на седницата одржана на 25.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Дебрца за 2024 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Дебрца за 2024 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на државниот завод за статистика, и утврдениот коефициент 2,70;

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Дебрца, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,$^{01}$ -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 30% од основицита, под услов работникот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај ист работодавач.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 –Други трансфери.

**Член 16**

[1] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20)

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 образование, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата, а исплатата ке се врши од Програма – Градоначалник – ДО, расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990- Други трансфери .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Дебрца се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дебрца”, а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-1479/6** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**25.12.2023 година** **Никола Короскоски с.р.**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2023 година.

**Број 09-1528/5**
**26.12.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на 25.12.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите**
**на државните службеници за 2024 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година изнесува **81,6** денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Дебрца “, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

**Бр. 08-1479/7**
**од 25.12. 2023 година**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Дебрца**
**Никола Короскоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за давање согласност на одлука за преземање на водоводна мрежа и отстапување на водоводна мрежа

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлука за преземање на водоводна мрежа и отстапување на водоводна мрежа, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 25.12.2023 година.

**Број 09-1528/6**
**26.12.2023 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“ број 3/2005), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 25.12.2023 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлука за преземање на водоводна мрежа и отстапување на водоводна мрежа**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за преземање на водоводна мрежа и отстапување на водоводна мрежа, донесена од Управниот одбор на ЈП за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта бр. 03-399/1 од 08.11.2023 година.

**Член 2**

Одлуката за преземање на водоводна мрежа и отстапување на водоводна мрежа е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Дебрца.“.

**Број 08-1479/8**
**25.12.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Никола Короскоски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А :

1. Годишна Програма за изградба, реконструкција, одржување на општинските патишта и улици во општина Дебрца за 2024 година -----------------------------------------------------------стр.2
2. Годишна Програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2024 година -----------------------------------------------------------------стр.6
3. Буџет на ЕЛС Дебрца за 2024 година ----------------------------------------------------------стр.10
4. Одлука за извршување на Буџетот на општина Дебрца за 2024 година -------------------стр.80
5. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година------------------------------------------------------------------------------------------стр.88
6. Одлука за давање согласност на Одлука за преземање на водоводна мрежа и отстапување на водоводна мрежа ---------------------------------------------------------------стр.90
7. Содржина----------------------------------------------------------------------------------------------------стр.91

=====================================

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/2018) и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 53/21,77/21,150/21 и 173/22), Советот на Општина Дебрца на 28 седница, одржана на 25 декември 2023 година, донесе

**Б У Џ Е Т О Т на Општина Дебрца за 2024 година**

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на **Општина Дебрца** за 2024 година се состои од:

| | во денари |
|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **114,044,493** |
| - Даночни приходи | 24,004,813 |
| - Неданочни приходи | 667,000 |
| - Капитални приходи | 5,640,000 |
| - Приходи од дотации | 47,858,000 |
| - Трансфери | 29,542,659 |
| - Приходи од донации | 6,332,021 |
| **II. Вкупни расходи** | **172,480,000** |
| - утврдени намени | 172,230,000 |
| - резерви | 250,000 |
| **III. Дефицит** | **-58,435,507** |
| **IV. Финансирање** | **58,435,507** |
| **Прилив** | **58,955,507** |
| Домашни задолжувања | 24,867,981 |
| Депозити | 34,087,526 |
| **Одлив** | **520,000** |
| Отплата на главница | 520,000 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2024 Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **126,520,050** | **93,332,013** | **0** | **47,858,000** | **6,942,006** | **24,867,981** | **173,000,000** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **18,462,500** | **24,004,813** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24,004,813** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **836,500** | **896,500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **896,500** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 150,000 | 160,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 160,000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 650,000 | 700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700,000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 1,500 | 1,500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,500 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 35,000 | 35,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 |
| **713** | **Даноци на имот** | **8,400,000** | **11,003,313** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11,003,313** |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 2,350,000 | 3,453,313 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,453,313 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 2,250,000 | 2,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,500,000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 1,150,000 | 1,600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,600,000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 2,650,000 | 3,450,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,450,000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | **9,221,000** | **12,100,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **12,100,000** |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 400,000 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500,000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата | 520,000 | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 8,300,000 | 8,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,500,000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 1,000 | 2,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,500,000 |
| **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **5,000** | **5,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,000** |
| 718127 | Надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со б-интегрирана еколошка дозвола на општината, односно градот скопје | 5,000 | 5,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5,866,248** | **667,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **667,000** |
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **200,000** | **250,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **250,000** |
| 722315 | Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 200,000 | 250,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250,000 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **155,000** | **215,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **215,000** |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 15,000 | 15,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000 |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | 140,000 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **5,511,248** | **202,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **202,000** |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТО: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 126,520,050 | 93,332,013 | 0 | 47,858,000 | 6,942,006 | 24,867,981 | 173,000,000 |
| 725922 | Приходи од осигурување на имот | 15,000 | 15,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000 |
| 725930 | Приходи на органите на управата | 7,000 | 7,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7,000 |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | 5,464,248 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| 725943 | 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните | 25,000 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **5,703,720** | **5,640,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,640,000** |
| **733** | **Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања** | **5,703,720** | **5,640,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,640,000** |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на република македонија | 710,000 | 700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700,000 |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 190,000 | 215,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 215,000 |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 60,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина) | 4,000,000 | 3,800,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,800,000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 25,000 | 25,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25,000 |
| 733144 | Надомест за утврдуванје на правен статус на бесправно изградени објекти | 218,720 | 250,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250,000 |
| 733147 | Надомест за концесии за користење на вода за производство на електрична енергија | 500,000 | 550,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550,000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **96,487,582** | **63,020,200** | **0** | **47,858,000** | **6,942,006** | **0** | **117,820,206** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **88,574,340** | **63,020,200** | **0** | **47,858,000** | **609,985** | **0** | **111,488,185** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 993,057 | 2,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,500,000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 3,167,954 | 3,167,954 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,167,954 |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 9,017,459 | 33,477,541 | 0 | 0 | 609,985 | 0 | 34,087,526 |
| 741115 | Дотации на општината, од Приходи од ддв | 30,683,870 | 23,874,705 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23,874,705 |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 44,712,000 | 0 | 0 | 47,858,000 | 0 | 0 | 47,858,000 |
| **742** | **Донации од странство** | **7,913,242** | **0** | **0** | **0** | **6,332,021** | **0** | **6,332,021** |
| 742111 | Приходи од обединетите нации | 2,605,212 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742113 | Приходи од светската банка | 0 | 0 | 0 | 0 | 6,216,995 | 0 | 6,216,995 |
| 742114 | Приходи од европската унија | 5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 308,030 | 0 | 0 | 0 | 115,026 | 0 | 115,026 |
| **76** | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24,867,981** | **24,867,981** |
| **761** | **Меѓународни развојни агенции** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24,867,981** | **24,867,981** |
| 761112 | Задолжување кај Светска банја | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24,867,981 | 24,867,981 |

# БИЛАНС НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ
## Ниво на:  Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2024 Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **30,030,722** | **41,206,013** | **0** | **50,000** | **6,216,995** | **24,867,981** | **72,340,989** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **30,030,722** | **41,206,013** | **0** | **50,000** | **6,216,995** | **24,867,981** | **72,340,989** |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **474,000** | **550,000** | **0** | **50,000** | **0** | **0** | **600,000** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 224,000 | 150,000 | 0 | 50,000 | 0 | 0 | 200,000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 50,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 200,000 | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **29,537,722** | **40,606,013** | **0** | **0** | **6,216,995** | **24,867,981** | **71,690,989** |
| 482110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати | 250,000 | 1,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,500,000 |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 3,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 7,000,000 | 16,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16,000,000 |
| 482230 | Реконструкција на мостови | 400,000 | 1,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,500,000 |
| 482310 | Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на пречистителни станици и ко | 150,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | 750,000 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| 482710 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдува | 0 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |
| 482730 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 4,100,000 | 5,106,013 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,106,013 |
| 482810 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката | 80,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 0 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| 482830 | Реконструкција на капацитети во енергетиката | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 6,216,995 | 24,867,981 | 31,184,976 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 102,510 | 900,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 900,000 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 200,000 | 1,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,200,000 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 12,905,212 | 9,700,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9,700,000 |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **19,000** | **50,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **50,000** |
| 485420 | Надомест за одземен имот | 19,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 |

# БИЛАНС НА ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ
## Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2024 Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 96,489,328 | 52,126,000 | 0 | 47,808,000 | 725,011 | 0 | 100,659,011 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **50,522,041** | **14,871,000** | **0** | **41,401,884** | **0** | **0** | **56,272,884** |
| **401** | **Основни плати** | **34,451,041** | **9,020,000** | **0** | **29,332,716** | **0** | **0** | **38,352,716** |
| 401110 | Основни плати -функционери | 1,050,000 | 1,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,200,000 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | 4,500,000 | 4,900,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,900,000 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 25,621,628 | 1,900,000 | 0 | 27,021,672 | 0 | 0 | 28,921,672 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 2,882,754 | 670,000 | 0 | 2,239,044 | 0 | 0 | 2,909,044 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 396,659 | 350,000 | 0 | 72,000 | 0 | 0 | 422,000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **13,239,057** | **3,326,000** | **0** | **11,379,168** | **0** | **0** | **14,705,168** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 8,805,831 | 2,130,000 | 0 | 7,640,292 | 0 | 0 | 9,770,292 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 3,569,490 | 940,000 | 0 | 3,048,024 | 0 | 0 | 3,988,024 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 258,312 | 83,000 | 0 | 203,220 | 0 | 0 | 286,220 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 605,424 | 173,000 | 0 | 487,632 | 0 | 0 | 660,632 |
| **404** | **Надоместоци** | **2,831,943** | **2,525,000** | **0** | **690,000** | **0** | **0** | **3,215,000** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 1,061,943 | 525,000 | 0 | 690,000 | 0 | 0 | 1,215,000 |
| 404150 | Други надоместоци | 1,770,000 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **250,000** | **250,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **250,000** |
| **412** | **Постојана резерва (непредвидливи расходи)** | **100,000** | **100,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100,000** |
| 412110 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| **413** | **Тековни резерви (разновидни расходи)** | **150,000** | **150,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150,000** |
| 413110 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 150,000 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **28,994,458** | **20,485,000** | **0** | **6,297,000** | **725,011** | **0** | **27,507,011** |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **152,000** | **260,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **260,000** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 70,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 7,000 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | 20,000 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 20,000 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 10,000 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 15,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 10,000 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **11,240,000** | **10,025,000** | **0** | **2,425,000** | **0** | **0** | **12,450,000** |
| 421110 | Електрична енергија | 6,216,000 | 7,200,000 | 0 | 350,000 | 0 | 0 | 7,550,000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 105,000 | 60,000 | 0 | 45,000 | 0 | 0 | 105,000 |

# БИЛАНС НА ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ
## Ниво на:  Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 0 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **96,489,328** | **52,126,000** | **0** | **47,808,000** | **725,011** | **0** | **100,659,011** |
| 421130 | Ѓубретарина | 80,000 | 0 | 0 | 80,000 | 0 | 0 | 80,000 |
| 421220 | Дрва | 544,000 | 50,000 | 0 | 300,000 | 0 | 0 | 350,000 |
| 421240 | Течни горива | 1,300,000 | 450,000 | 0 | 700,000 | 0 | 0 | 1,150,000 |
| 421290 | Други материјали за греење | 180,000 | 0 | 0 | 180,000 | 0 | 0 | 180,000 |
| 421310 | Пошта | 130,000 | 120,000 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 130,000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 370,000 | 300,000 | 0 | 80,000 | 0 | 0 | 380,000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 1,030,000 | 1,200,000 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 1,230,000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 35,000 | 45,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45,000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 1,250,000 | 600,000 | 0 | 650,000 | 0 | 0 | 1,250,000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **1,615,000** | **1,240,000** | **0** | **245,000** | **0** | **0** | **1,485,000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 760,000 | 500,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 560,000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработени | 45,000 | 40,000 | 0 | 5,000 | 0 | 0 | 45,000 |
| 423210 | Материјали за АОП | 130,000 | 150,000 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 180,000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 330,000 | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 30,000 | 0 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 30,000 |
| 423620 | Училишни материјали | 30,000 | 0 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 30,000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 140,000 | 80,000 | 0 | 60,000 | 0 | 0 | 140,000 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 40,000 | 10,000 | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 40,000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 10,000 | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,000 |
| 423990 | Други материјали | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **3,382,465** | **3,800,000** | **0** | **172,000** | **0** | **0** | **3,972,000** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува□□□ резервни делови | 350,000 | 500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500,000 |
